**Одговори на поставените прашања на Годишното генерално собрание на ОКТА АД-Скопје**

1. **На што се должи смалениот процент на исплатата на дивиденда за 2016 година споредено со 2015 година и кои се евентуалните планови за исплата на дивиденда во наредните години?**

- Всушност е обратно. Точниот износ на дивиденда е за оваа година. Во определувањето на дивидендата за 2016 година применет е конзервативен пристап, со цел нашата финансиска позиција да се одржува на силно ниво. Не е важен процентот од профитот бидејќи дивидендата е сепак зголемена споредено со минатата година. Се работи за период на ниски цени на нашите производи кои може да се зголемат, а од друга страна продуктоводот може да проработи, поради што на компанијата ќе и бидат потребни поголеми расположиви парични средства.
- Оваа година има голема политичка нестабилност во Македонија така да прерано е да се каже каков може да биде планот за исплатата на дивидендата следната година.

2. **На што се должи намалувањето на заемите и обврските, дали можат да се предвидат идните задолжувања на компанијата и кој е планот за нивното намалување во идната година?**

   - Намалувањето се должи пред се на два фактори – едниот е кризата во земјата, а другиот фактор е подобар паричен тек од финансиските активности.

   -Не е лесно да се предвиди идното задолжување на компанијата но по мое мислење тоа пред се ќе зависи од проработувањето на продуктоводот како и од меѓународните цени на нафтените деривати.

3. **Дали Одборот на директори размислува за поефикасно менаџирање на паричната ликвидност на компанијата бидејќи на тој начин финансиските приходи можат да бидат повисоки?**

- Планираме и понатаму да ја намалуваме задолженоста на компанијата и тоа ќе ја одржи ликвидноста на исто ниво.